## ДОСТАПНИ УСЛУГИ НА ОШТЕТА

Жртви од кривични дела имаат право на оштета според законот за жртви, на пр. за

- надомест на помошни средства (на пр. очила)
- трошоци за психотерапија
- надомест на изгубена заработка
- надомест на погребални трошоци
- претрпени болки (паушален надомест)

**Ви советуваме, информирајте се на време за да не ги задоцнете роковите !**

Информации од сервисот на Министерството за труд и социјални работи, тел.: 05 99 88, веб-страница www.sozialministeriumservice.at или на бројот за итни повици од жртви 0800 112 112

## КОЈ БРГУ ПОМАГА, ПОМАГА ДВОЈНО

Имате Вие или има Вашето дете доживеано физичко, половно или психичко насилство? Еден од вашите блиски или Вие сте биле повредени при сторено кривично дело? Не знаете што да направите во овој случај ?

Кој станал жртва на насилство, честопати се чувствува несигурно, растроено и беспомошно. Често и контактот со институции како полицијата и судовите е потполно нов. Во овој случај брзата и стручна помош е посебно важна.

Институциите за поддршка и придружба во правни постапки, наведени на веб-страницата на министерството за правда www.justiz.gv.at/internet/prozessbegleitung, се брзи, небирократски и бесплатни за сите жртви на насилство во случаите

- Кога престапот е веќе пријавен во полицијата или до јавното обвинителство,
- Додека кривичното гонење сеуште не е започнато.

## ЛИНИЈА / БРОЈ ЗА ИТНИ ПОВИЦИ ОД ЖРТВИ 0800 112 112

Бесплатна и анонимна помош од правници, психолози и стручно обучени лица за жртвите на насилство. Информации за засегнати лица во врска со институциите кои нудат поддршка во постапката.

Бесплатно.
На германски и англиски јазик.

**Иницијатива на Министерството за Правда, спроведена од БЕЛИОТ ПРСТЕН.**

БРОЈ ЗА ИТНИ ПОВИЦИ ОД ЖРТВИ
0800 112 112
OPFER-NOTRUF.AT

## ДОДАТНИ КОРИСНИ КОНТАКТИ:

- Информација од полиција 059133
- Линија за помош на жени 0800 222 555
- www.sozialministeriumservice.at, 05 99 88
- www.justiz.gv.at/internet/prozessbegleitung
- www.pb-fachstelle.at
- www.oe-kinderschutzzentren.at
- www.gewaltinfo.at
- www.frauen-familien-jugend.bka.gv.at/frauen
- www.gewaltschutzzentrum.at, 0800 700 217
- www.haltdergewalt.at
- www.sexuellegewalt.at
- www.weisser-ring.at
- www.neustart.at
- www.kija.at
- www.frauenhaeuser-zoef.at
- www.aoef.at
- www.netzwerk-frauenberatung.at

Статус: 2023/05

Federal Ministry
Republic of Austria
Justice

# Придружба и поддршка во правен процес / правна постапка

Жртви на насилство (криминален престап) имаат право на правна помош

БРОЈ ЗА ИТНИ ПОВИЦИ ОД ЖРТВИ
0800 112 112
OPFER-NOTRUF.AT

CENTER OF LEGAL COMPETENCE

Mazedonisch

## ПОДДРШКА И ПРАВНА ПОМОШ – ИМАТЕ ПРАВО НА НЕА!

По налог на министерството за правда, организациите за заштита и помош на жртви ги советуваат и поддржуваат лицата засегнати од насилство со:

- Информации
- Советување
- Придружба во уредите на полицијата и судовите
- Поддршка пред, за време на, и по правната постапка
- Поддршка да ги остварат своите права како жртви

**Ви помагаме да ја најдете за Вас соодветната институција:**

### ДЕЦА И МЛАДИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Токму на нашите најмлади им е потребно да бидат заштитени. Вашите блиски и Вие можете да се обратите за помош на следно наведените веб-страници и број за итни повици:

**www.pb-fachstelle.at**
**www.gewaltinfo.at**
**Број за итни повици од жртви 0800 112 112**

### ЖЕНИ

За жал семејното насилство, половото насилство, сталкинг (упорно следење) и трговијата со жени се чести престапи (кривични дела). За засегнатите жени се грижат центри за заштита против насилство, телефонски линии за итни повици, советувалишта и домови за жени (засолишта):

**!!www.haltdergewalt.at**
**www.gewaltschutzzentrum.at, 0800 700 217**
**www.sexuellegewalt.at**
**Frauenhelpline 0800 222 555 (Линија за помош на жени)**
**Број за итни повици од жртви 0800 112 112**

### ДРУГИ ЖРТВИ

Информации, советување, згрижување, поддршка и придружба во правни процеси насекаде во Австрија:

**www.weisser-ring.at**
**Број за итни повици од жртви 0800 112 112**

Придружба во правни процеси насекаде во Австрија:

**www.neustart.at**

Листа на сите институции, кои нудат поддршка и правна помош посебно за Вашата ситуација во Ваша близина, можете да најдете на веб страницата: www.justiz.gv.at/internet/prozessbegleitung.

## ПРИДРУЖБА ВО КАЗНЕНО-ПРАВНА ПОСТАПКА КАКО И ПРИ МЕДИЈАТИВНИ ПОСТАПКИ

Две опсежни области ја сочинуваат придружбата во правни процеси / постапки:

**Психосоцијална придружба во правни постапки:**
Засегнатите жртви да се чувствуваат - колку што е можно - сигурни за време на постапката, како и да се потпомогнати во совладување на емоционалното оптоварување се постигнува преку:

- Информации околу постапките во полицијата и судовите започнато од пријавата до завршување на постапката,
- Придружба за време на термините во полиција или суд.

Жртвите често страхуваат да дадат изјава во присуство на обвинетото лице. Во овој случај и доколку е во рамките на законот, придружбата во постапката и помага на жртвата при доставување на барање за одделено/изолирано сослушување („изјава на само„)

**Правна придружба во процесот:**
Советување и застапување од правник / правничка за време на целата постапка со цел да се остварат правата на жртвите. На пр. жртвите да се советуваат и да бидат застапени со цел да се остварат нивните права за надомест на настаната штета.

Исто така и согласно со законот за медиуми (јавна средства за информација), жртвите имаат право на правна придружба во постапка, на пр. кога се бараат:

- Оштета или надомест,
- Повлекување на публикација или
- Објава на пресуда.

**Трошоците за поддршката и правната помош ги снесува министерството за правда.**

## КОЈ ИМА ПРАВО НА ПОДДРШКА И ПРАВНА ПОМОШ ?

Право на придружба во постапка имаат лица кои:

- имаат доживеано насилство со извршен престап со умисла (на пр. жртви со телесни повреди или на грабеж) или чија лична зависност била искористена со извршениот престап
- се соочиле со закани дека ќе на пр. бидат убиени
- чиј полован интегритет бил компромитиран и повреден (на пр. жртви од полово силување или полoвна злоупотреба)
- станале жртви на терористички напади
- станале жртви на сталкинг (упорно следење/ дебнење), сајбер мобинг (психичко вознемирување во интернет), ширење омраза
- станале жртви на клевета, навреда или на кривичен престап за кој судски била изречена казна во минатото и во случај да е основано дека престапот бил извршен преку телекомуникација или при употреба на компјутерски систем
- малолетни лица кои се сведоци на семејно насилство (во блиското семејството или насилство врз деца)

Исто така и лица кои се со престап на насилство изгубиле некој близок (на пр. со убиство или во сообраќајна несреќа) можат да се здобијат со право на при-дружба во правниот процес (постапка).

Правото следува во случај придружбата во постапка да е неминовно нужна за спроведување на правата на жртвите во постапката. Притоа се зема обзир кон личната засегнатост на жртвите.

## ПОДДРШКА ВО ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ПОСТАПКА

Жртвите можат да бидат соочени со понатамошни постапки покрај кривичната постапка или по нејзиното завршување. Овие граѓанско-правни (цивилни) постапки се на пр. постапки на обештетување или постапка за развод.
Кога овие цивилни постапки помеѓу жртвата и обвинетото лице се фактички поврзани со кривичната постапка, жртвата има наново право на психосоцијална поддршка.